# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 11 03 Октомври 2022 година примерокот е бесплатен
www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина 14-та седница

**Дневен ред за четиринаесетата седница на Советот на општина Василево**

1. Давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски одредениот број на ученици.........................................................02
2. Давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈПКД Турија Василево....................................................................................03
3. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ Атанас Нивичански Нова Маала за учебната 2021/2022 година...........................03
4. Решение за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗЗП Агросојуз Василево..........................................................04

**Градоначалникот на општина Василево**

5. Одлука за избор на директор на ООУ “Атанас Нивичански с.Нова Маала”.......05
6. Одлука за избор на директор на ООУ “Гоце Делчев с.Василево” .......................06

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски определениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев” Василево**

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски определениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев” Василево, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 29.09.2022 година.

08-1467/2 Општина Василево
30.09.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02) , член 53 точка 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Василево на својата седница одржана на 29.09.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски одредениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев” Василево**

**Член 1**

Се дава согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски одредениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев” Василево.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

08-1467/1 Совет на општина
30.09.2022 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ЈПКД „Турија” Василево**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на

ЈПКД „Турија" Василево, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 29.09.2022 година.

08-1468/2 Општина Василево
30.09.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 20 а и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор (Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ " бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.275/2019; 14/2020 и 215/2021 ) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево" бр. 12/2020), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 29.09.2022 година донесе

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ЈПКД Турија Василево**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ЈПКД Турија Василево.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

08-1468/1 Совет на општина
30.09.2022 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Атанас Нивичански" Нова Маала за учебната 2021/2022 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Атанас Нивичански" Нова Маала за учебната 2021/2022 година, донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 29.09.2022 година.

08-1469/2 Општина Василево
30.09.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за учебната 2021/2022 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Годишен извештај за работа на ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за учебната 2021/2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1469/1 Совет на општина
30.09.2022 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗЗП Агросојуз Василево**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗЗП Агросојуз Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 29.09.2022 година.

08-1470/2 Општина Василево
30.09.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

----------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на ЗЗП Агросојуз Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 15.000 денари на ЗЗП Агросојуз Василево.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година , а ќе се исплатат на сметка на ЗЗП Агросојуз Василево.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1470/1 Совет на општина
30.09.2022 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 115 точка 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 59 од Статутот на Општина Василево – Пречистен текст (“Службен гласник на Општина Василево” бр. 12/20), а врз основа на Предлог бр. 09-285/2 од 31.08.2022 година на Училишниот одбор при ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За избор на директор на „ООУ Атанас Нивичански ” Нова Маала**

**Член 1**

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Василево врши избор на директор на „ООУ Атанас Нивичански” Нова Маала за мандатен период од 4 (четири) години сметано од денот на донесување на оваа Одлука.

**Член 2**

За директор на „ООУ Атанас Нивичански” Нова Маала се избира Соња Ничева, наставник по одделенска настава во „ООУ Атанас Нивичански” Нова Маала, за мандатен период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево”.

09-1381/1 Општина Василево
07.09.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

---

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 115 точка 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 59 од Статутот на Општина Василево – Пречистен текст (“Службен гласник на Општина Василево” бр. 12/20), а врз основа на Предлог бр. 09-214/1 од 06.06.2022 година на

Училишниот одбор при ООУ „Гоце Делчев” Василево, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За избор на директор на ООУ „Гоце Делчев” Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Василево врши избор на директор на ООУ „Гоце Делчев” Василево за мандатен период од 4 (четири) години сметано од денот на донесување на оваа Одлука.

**Член 2**

За директор на ООУ „Гоце Делчев” Василево се избира Дејан Стојанов, наставник по техничко образование во ООУ „Гоце Делчев” Василево и наставник по информатика во ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за мандатен период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево”.

| | |
|---|---|
| 09-958/2 | Општина Василево |
| 08.06.2022 | Градоначалник |
| година | Славе Андонов |